АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

---

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20 и 77/21), се доставува:


Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP
Примено / Pranuar: 27-01-2023

| Единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вред. Vle |
|---|---|---|---|
| 10 | 462 | 1 | |


## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Контролен;
2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво ДИБРА ТВ ДООЕЛ Дебар;
3. **Период опфатен со надзорот:** 4 јануари 2023 година;
4. **Датум на извршување на надзорот:** 27 јануари 2023 година;
5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (заштита на малолетните лица од програми што би можеле да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој);
- **Правилник за заштита на малолетните лица** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 172/14);

6. **Претходно изречена мерка:**

*На 29.11.2022 година, за непочитување на членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на членот 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица, Советот на Агенцијата донесе решение за изрекување мерка – јавна опомена (Уп1. бр. 03-356 од 29.11.2022 година) на Трговското радиодифузно друштво ДИБРА ТВ ДООЕЛ Дебар.*

*Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението (01.12.2022 г.) да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

7. **Констатации од надзорот:**

Со контролниот програмски надзор врз програмскиот сервис на ТРД ДИБРА ТВ ДООЕЛ Дебар, емитуван на 4 јануари 2023 година, на локално ниво, е констатирано дека субјектот на надзорот (радиодифузерот) **во целост постапил по решението за изрекување мерка - јавна опомена**, односно ја отстранил извршената повреда од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**8. Опис на прекршувањето: /**

**9. Предлог мерка: /**

***Сектор за програмски работи:***